ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ-БРИЦО"
ЛОЗОВО

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

**на**

## ООУ ,,Методи Митевски - Брицо'' Лозово

**за период од 2022/23 и 2023/24 година**



05.07.2024 година

| | |
|---|---|
| **Самоевалуација на училиштето** | |
| **Училиште** | ООУ,,Методи Митевски – Брицо’’ Лозово |
| Адреса | ул. “Маршал Тито” бб Лозово, 2208 Лозово |
| Телефон, е-пошта | mmbricolozovo@gmail.com |
| Период на подготовка на СЕУ | Од 12.06 до 01.07 2024 година |
| Број на ученици во училиштето | 212 |
| Број на подрачни училишта | 4 |
| **Училишен директор** | Горанче Велков |
| Потпис | |
| Датум | 5.7.2024 година |
| **Одобрување од УО** | 02-545/2 од 4.7.2024 |
| Име и презиме | Андријана Илиевска |
| Потпис | |
| Датум | 4.7.2024 година |

# ИЗВЕШТАЈ

**од самоевалуација на ООУ,,Методи Митевски – Брицо’’ Лозово за период од учебните 2022/23 и 2023/24 година**

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19 и 229/20 година) Општинското основно училиште ,,Методи Митевски – Брицо’’ Лозово изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од учебните 2022/23 и 2023/24 год.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 12.06.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Тања Стојчева (одделенски наставник), Даниела Мијалковска (психолог), Бојана Тасевски (одделенски наставник), Натали Стојанова (одделенски наставник), Анкица Анакиева (родител) и Благојче Атанасовски (наставник по информатика).

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од 12.06 до 01.07 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| **Подрачје** | **Членови на тимот** |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | 1. Маја Панева – координатор<br>2. Ристенка Јовановска<br>3. Ѓоко Стојчевски<br>4. Емилија Стојанова<br>5. Јулија Трендафилова<br>6. Сања Јаневска<br>7. Ленче Китанова |
| 2. Постигања на учениците | 1. Валентина Витева – координатор<br>2. Даниела Милановска - Панева<br>3. Антонио Китановски<br>4. Виолета Сачевска<br>5. Милена Алексовска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | 1. Владимир Цветковски – координатор<br>2. Валентина Миткова<br>3. Силвана Цекова<br>4. Јован Николов<br>5. Благица Димитрова<br>6. Наташа Златановска |

| | |
|---|---|
| | 7. Бојан Тосевски<br>8. Игор Колев<br>9. Марија Чукниева - Недевска |
| 4. Управување и раководење | 1. Горанчо Атанасов – координатор<br>2. Јелена Панева<br>3. Ирена Стојановска Анакиевска<br>4. Марина Доневска<br>5. Светлана Стојкова<br>6. Младенка Ѓоргиева |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 02.07.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно

дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Во училиштето подолг период не се спровеле обуки на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Планирањето на наставата ги вклучува сите потребни елементи за подготовка за изведување на наставен час со исклучок на планирање на методи, форми и избор на задачи за работа со ученици со потешкотии во учењето. Најмалку еднаш во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна на педагогот. Одделенските наставниците најмалку два пати во полугодие разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручниот актив на одделенски наставници. За наставниците од предметна настава не се добиени податоци.Наставата во одделенска настава се реализира редовно и во пропишаниот обем. Постојат случаи на поголем број отсуства во предметна настава. Не сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Расположливите ресурси во училиштето се употребуваат на функционален начин. Примената на современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми многу почесто се применува во одделенска настава. Недостасува примена на современи методи на учење како што се учење преку решавање проблеми, развивање критичко мислење, дебатирање, работа на проекти, учење за постигнување на резултати од повисоко ниво како што анализа, синтеза, примена и вреднување. Скоро сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Најголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите. Учениците имаат услови да учат во мотивирачка, |

безбедна средина за учење.

Училиштето обезбедува услови за учество на ученикот со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно неговите интереси и е обезбеден образовна асистенција. За уште еден новозаишан ученик се идентификува потребата од образовна асистенција и навремено е доставено барање за соодветна поддршка до надлежниот Ресурсен центар. Наставниот кадар соработува со образовниот асистент со цел најдобар интерес на ученикот. Во училиштето не е формиран тим за меѓуетничка интеграција и не се спроведуваат МИО активности со партнер училиштето. Најголем дел од анкетираните фокус групи и фокус групите со кои се спроведе дискусија (ученици, наставници, родители) го оценуваат училиштето како стимулативна, мотивирачка средина за учење.

Во училиштето недостасува јасно дефинирана политика на оценување, воспоставен механизам и процедури за следење и унапредување на објективноста на оценувањето на учениците, согласно интерен правилник и кодекс на оценување чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9. Освен редовна настава на учениците им се нудат и воннаставни активности. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност. Училиштето нуди широк спектар на воннаставни активности кои нудат можности за личен, емоционален, културен развој на личноста на ученикот. Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- При реализација на наставните содржини, на наставниците и учениците им се обезбедени современи нагледни средства. Училиштето во последните години вложува во обезбедување на современи ресурси за реализација на наставата како што е опремување на сите училници во сите училишни објекти со електронски табли и интерактивни панели и службени лаптопи за наставниците.

- Развојна цел која е планирана за реализација до 2027 година е реализирана уште во 2023 година, библиотека со медиатека, која е пример за училишна современа библиотека.

- Училиштето е пример за вклученост во воннаставни активности преку имплементација на бројни меѓународни Erasmus + проекти (вкупно 10) кои подразбираат мобилности и размена на искуства со ученици и наставници од многу држави во Европа.

- Најголем дел од анкетираните фокус групи и фокус групите со кои се спроведе дискусија (ученици, наставници, родители) го оценуваат училиштето како стимулативна, мотивирачка средина за учење.

- Највисокото постигнување на натпревар се освоените државни награди по предметот географија во изминатите три учебни години.

**Слаби страни**

- Во училиштето не постои воспоставен механизам и процедури за следење и унапредување на оценувањето на учениците. На ниво на училиште не се усвоени критериуми за оценување на постигањата на учениците по одделенија, согласно интерен

правилник и кодекс на оценување.

- Само дел од учениците и родителите добиваат редовни и квалитетни повратни информации за начинот на кој што учениците можат да ги подобрат нивните постигања.
- Во училиштето не е формиран тим за меѓуетничка интеграција и не се спроведуваат МИО активности со партнер училиштето.
- Реализацијата на дополнителна настава не се одвива согласно потребните планирања, распоред и навремено известување на учениците и родителите. Нема утврдено механизам за следење на ефектите од истата.
- Не постојат доволно докази за прилагодување на методолошкиот пристап во функција на индивидуализација/диференцијација на активности и очекувани резултати од учењето кај ученици со потешкотии во учењето.

**Приоритети**

- Потребно е училиштето да воспостави механизам и процедури за следење и унапредување на оценувањето на учениците. На ниво на училиште да се изготват интерен правилник и кодекс на оценување на постигањата на учениците и да се спроведе интерна обука за сите наставници за изработка и примена на квалитетни инструменти за оценување.
- Да се воспостави практика кај сите наставници, учениците и родителите да добиваат редовни и квалитетни повратни информации за начинот на кој што учениците можат да ги подобрат нивните постигања и да се воспостави систем на следење од страна на тимот за следење на оценување (директор и стручни соработници).

- Да се формира тим за меѓуетничка интеграција и да се отпочне со спроведување на МИО активности со партнер училиштето.
- Дополнителната настава да се реализира согласно потребите и можностите на учениците, распоред и навремено известување на учениците и родителите и да се утврди механизам за следење на ефектите од истата.
- Да се работи на унапредување на компентенциите кај наставниците за работа со ученици со потешкотии во учењето и да се воспостави систем за следење на примена на принципот на индивидуализација/диференцијација во наставата за работа со ученици со потешкотии во учењето.

| **Подрачје 2: Постигања на учениците** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди. Учеството и постигањата на вонннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Во период од учебната 2022/23 и во учебната 2023/24 година во нашето училиште нема спроведено екстерно тестирање. Наставниот кадар и стручните соработници имаат тешкотии во препознавање на ученици со посебни образовни потреби и неопходна е дополнително професионално усовршување. Поддршката за учениците со тешкотии во учењето и со попреченост се обезбедува преку дополнителни часови и индивидуални консултации, но програмите и наставните методи не се прилагодуваат според нивните |

индивидуални потреби, а нивниот развој не се следи систематски. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е дневникот кој уредно се води. Училиштето презема посебни мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории. Училиштето ги реализира советувањата на родителите/старателите и учениците, за што води уредна документација, врши анализа на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Има разлики во ефектите од советувањата на родители/старателии не сите резултираат со подобрување на постигањата на учениците. Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на редовноста и однесувањето. Не користат сите  наставници современи методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, не е видлива промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата иако училиштето реализира дополнителна настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето и на web страната.

**Силни страни**

- Се забележува значителен напредок во подобрување на редовноста на учениците. Просечниот број неоправдани изостаноци во последните три учебни години е многу помал од 5 по ученик, односно тој изнесува 0,8.
- Училиштето презема  мерки за редовно посетување на наставата од страна на ученици од ранливи семејства, кои даваат резултати.

- Највисоки оценки учениците добиваат по изборните предметите.

**Слаби страни**

- Училиштето нема изготвено Акциски план за подобрување на постигањата на учениците, особено за учениците од предметна настава.
- За учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со попреченост нема пропишани процедури за идентификација.
- Наставниот кадар има тешкотии во препознавање на ученици со посебни образовни потреби и неопходно е дополнително професионално усовршување.
- Училиштето нема јасни докази дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата и затоа треба да се работи на утврдување на механизми за подобрување на состојбите.

**Приоритети**

- Потребно е да се изготват акциски планови за подобрување на постигањата на учениците. По секој квалификационен период, на предлог на Наставничкиот совет, Училишниот одбор да донесува акциски план со активности за подобрување на постигањата и квартално да ги разгледува постигањата од Акцискиот план.

- Училиштето да продолжи со редовни обуки и семинари за наставниците, со цел да ги подобрат своите вештини за идентификација и поддршка на ученици со ПОП (попреченост, специфични тешкотии во учењето, надарени/талентирани и ученици кои наредуваат побрзо). Обуки и професионален развој за наставниците за да ги зајакнат своите компетенции во прилагодување на наставните програми, задачи и методи и идентификација на потешкотиите.
- Потребно е да се развијат и применат дополнителни алатки и инструменти за рано препознавање на потешкотиите и талентот кај учениците, со цел да се обезбеди соодветна поддршка и ресурси.
- Потребно е да се изготват и применуваат диференцирани програми прилагодени според индивидуалните потреби на учениците со ПОП и да се изготват механизми или инструменти со кои системски ќе се следи нивниот развој.
- Воведување на редовен мониторинг и евиденција дека дополнителната и диференцираната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата на учениците.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Нашето училиште е единствено основно училиште во општина Лозово. Најчесто се истакнува преку реализација на Еразмус+ проекти, во кои се вклучени голем дел од учениците, наставниците и родителите. Но, исто така, нашето училиште преку реализација на многу други активности ја промовира својата работа, како и постигнувањата на учениците, грижата, безбедноста и заштита на истите. Училиштето, за афирмирање на вонаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (интернет-страница, социјални

мрежи, и сл.). Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на дел од наставниците. Не сите наставници се вклучени во изготвување на истиот, а постои и помал процент на родители кои не се вклучени во изготвување и ажурирање на истиот. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика и има примери од спроведувањето. Во училиштето постои професионална соработка меѓу поголем дел од вработените. Раководниот, наставниот кадар и останатите вработени придонесуваат за одржување позитивна атмосфера во училиштето. Има случаи кога на часовите во предметна настава е нарушена позитивната атмосфера и дисциплина. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошка мерка. Во училиштето има Ученички парламент кој во последните две години нема спроведено повеќе од две иницијативи и формално именуван ученички правобранител кој нема доставено програма за работа и учениците не се запознаени со истиот. Учениците се запознаени со нивните права од страна на наставниците и сметаат дека истите се почитуваат од страна на наставниците, знаат како да постапат и да се обратат ако некој ги прекрши нивните права. Исто така, училиштето има еднаков третман кон сите ученици и навремено реагира доколку има поплаки за истото. Постои Училишен протокол за превенција од насилство и истиот се применува во случаи кога има потреба. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма. Училиштето превзема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Присуството на родителите на родителските средби е во мал број. Не постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички активности, организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето нема остварено поконкретна соработка со различните чинители од заедницата за помош и поддршка на учениците од

семејства со ранлив социјален и материјален статус како што е локалната заедница, бизнис заедница, невладин сектор. Недостасува вклученост на родителите и ученичкиот парламент во ваков вид активности. Треба да се работи повеќе на оваа тема со посебно залагање на сите чинители на образовниот процес во училиштето. Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Во училиштето се реализираат одреден број активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, но потребна е поголема активност во организирање на работилници, а не само презентации. Потребна е поголема грижа во соработка со општината во однос на контрола на квалитетот на храната што им е понудена на учениците во училиштето. Хигиената во училиштето ги задоволува законските прописи. Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социо-емоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење. Училиштето им обезбедува на учениците кои го завршуваат основното образование информации за можностите за продолжување на образованието и препораки за понатамошен избор на образование спроведувајќи одредени активности за професионална ориентација. Но, недостасува посистемски пристап за јасна вклученост на сите чинители во поддршката на учениците: МОН и останати надлежни институции за обезбедување на унифицирани и стандардизирани иструменти за проценка и откривање на професионални интереси и способности од страна на психолозите, училиштето преку нивна примена, родители, надворешни субјекти, претставници од локална самоуправа, претставници од деловна-бизнис заедница, и тн.

| |
|---|
| **Силни страни**<br><br>• Училиштето се истакнува преку реализација на Еразмус+ проекти во кои се вклучени голем дел од учениците, наставниците и родителите.<br><br>• Училиштето во последните неколку години води интензивна политика за промовирање во јавноста преку голем број активности вклучувaќи ги и воннаставните како и постигнувањата на учениците со што секојдневно ја промовира својата работа, преку web страната и социјални мрежи (Fb, YouTube).<br><br>• Училиштето е активно вклучено во животот на општината и локалната заедница преку спроведување активности и организирање на настани од интерес на училиштето и заедницата. |
| **Слаби страни**<br><br>• Иако училиштето има воспоставен Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури во училиштето, во неговото изготвување учествувале само дел од наставниците и мал дел од родителите.<br><br>• Позитивната атмосфера и дисциплината на часовите во предметна настава се нарушуваат.<br><br>• Училиштето има Ученички парламент кој во последните две години нема спроведено повеќе од две иницијативи и формално именуван ученички правобранител кој нема доставено програма за работа и учениците не се запознаени со истиот. |

- Присуството на родителите на родителските средби кај учениците од предметна настава е во многу мал број. Нема пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето.
- Нема конкретно наведени пишани и усвоени процедури во училиштето за водење евиденција и помош на учениците од социјално-ранливи семејства и недостасува соработка со заедницата (со различните чинители вклучувајќи ја локалната заедница и бизнис заедница) за помош на учениците од социјално-ранливи семејства.
- Недостасуваат активности за организирање на работилници против пушење, конзумирање алкохол и наркотични средства со активно учество на учениците.
- Неопходна е поголема грижа и соработка со општината за контрола на квалитетот на храна што им се нуди на учениците во училиштето.
- Училиштето им обезбедува на учениците кои го завршуваат основното образование информации за можностите за продолжување на образованието и препораки за понатамошен избор на образование спроведувајќи одредени активности за професионална ориентација. Но, недостасува посистемски пристап за јасна вклученост на сите чинители во поддршката на учениците: МОН и останати надлежни институции за обезбедување на унифицирани и стандардизирани иструменти за проценка и откривање на професионални интереси и способности од страна на психолозите, училиштето преку нивна примена, родители, надворешни субјекти, претставници од локална самоуправа, претставници од деловна-бизнис заедница, и тн.

**Приоритети**

- Потребна е поголема инклузивност и учество од страна на сите наставници, родители и учениците за да се осигура дека кодексот ги рефлектира ставовите и потребите на целата училишна заедница.
- Потребни се дополнителни мерки и стратегии за одржување и позитивна училишна средина на часовите и позитивна дисциплина на часевите во предметна настава.
- Потребно е активирање и подобрување на работата на ученичкиот парламет и ученичкиот првобранител, како и зголемување на информираноста на учениците за нивната улога и активности.
- Потребно е зголемување на ангажираноста на родителите и подобрување на комуникацијата и соработката меѓу училиштето и родителите и поттикнување за поднесување иницијативи од страна на родителите.
- Потребно е поголема активност во организирање на работилници против пушењето, алкохолот и употреба на наркотичните средства, а не само презентации;
- Воспоставување на механизми за следење соодветни стандарди за квалитет на храната која ја добиваат учениците во училиштето.
- Потребно е да се воспостави пракса за водење на евиденција и подобрување на соработката и вклучување на различни чинители од заедницата за поддршка, а со нивна интеграција и ресурси може значително да се помогне во решавањето на потребите и предизвиците со кои се соочуваат учениците од социјално ранливите семејства.
- Потребно е во училиштето да се воспостави посистемски пристап за јасна вклученост на сите чинители во поддршката на учениците за можностите за продолжување на образованието и препораки за понатамошен избор на образование: МОН и останати надлежни институции за обезбедување на унифицирани и стандардизирани иструменти за проценка и откривање на

професионални интереси и способности од страна на психолозите, училиштето преку нивна примена, родители, надворешни субјекти, претставници од локална самоуправа, претставници од деловна-бизнис заедница, и тн.

- **Предлог-иницијатива од родители:** Оградување на училишниот двор во с.Милино со поддршка од родителите со механизација и работна рака. Идејата за оградување на училишниот двор може да ја подобри безбедноста и пристојноста на просторот за игра на учениците.

| **Подрачје 4: Управување и раководење** |
| --- |
| **Опис/резиме**<br><br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор. Училиштето има усвоен извештај на пописните комисии, усвоена завршна сметка и План за јавни набавки. Училиштето има Правилник за вршење на набавка од мала вредност. Финансиското работење на училиштето се контролира преку Училишниот одбор. Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор.<br><br>Раководниот орган успешно соработува со сите субјекти во училиштето, го помага професионалниот развој на вработените, создава услови за безбедност на учениците и ги вклучува вработените во давање предлози за поквалитетна настава. |

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Раководниот орган успешно соработува со сите субјекти во училиштето, го помага професионалниот развој на вработените, создава услови за безбедност на учениците и ги вклучува вработените во давање предлози за поквалитетна настава. Имено во новоотворената библиотека/медиатека има поволни можности за успешно реализирање на наставни и воннаставни активности.

Сите просторни капацитети максимално се користат според потребите на наставниците за нивните училишни и воннаставни активности. Според целите предвидени во развојната програма предвидено е проширување на просторните капацитети (изградба на мултифункционална сала, реконструкција на училниците во централното училиште кои треба да се реализираат до 2027 година, а во зависност од финансиските можности.

Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат помал број на ученици согласно нормативите и стандардите, односно дотолку повеќе обезбедени се услови за непречено и релаксирано одвивање на наставниот процес со помал број на ученици од 20 (законска регулатива).

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и го вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови.

Директорот и стручните соработници педагог и психолог, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на

| |
|---|
| наставниците преку посета на часови.<br><br>За креирање на училишната политика се информираат сите заинтересирани субјекти како преку писмени документи објавени на огласна табла, и преку Веб страна на училиштето. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за намалување на насилството во училиштата, недискриминација, еднаков пристап до квалитетно образование за сите, итн. Училиштето има развиено политика за грижа за здравјето како на учениците така и на вработените за што се организираат систематски прегледи. Директорот на нашето училиште има формирано тим за обезбедување на дополнителни извори на финансирање и соработка со донатори чија примарна цел е работа на проекти за подобрување на училишната инфраструктура и услови за работа. Училиштето креира политика за промоција на своите успешни активности, приредби, проекти преку својот Fb профил, веб страницата кои постојано се ажурираат како и на својот YouTube канал. |
| **Силни страни**<br>• Директорот води политика за остварување на брза, ефективна и навремена комуникација со вработените и информирање на сите чинители за активностите кои се предвидени во воспитно образовниот процес.<br>• Училиштето има современо уредена и модерна училишна библиотека/медиатека со читална, која располага со современи нагледни средства, опрема и привлечен простор и мебел за пријатен престој на учениците и наставниците и за реализирање на различни наставни и вонnаставни активности.<br>• Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги преку соодветно креиран софтвер кој што е поврзан со училишната Веб страна.<br>• Училиштето има успешни приказни преку вклученост во меѓународни образовни мрежи и имплементација на 10 Еразмус+ проекти. |

**Слаби страни**

- Не постои доволна транспарентност при објавување на писмените одлуки на училишен одбор на огласна табла и при соопштување на одлуките преку врската претставник на УО од Советот на родители со Советот на родители иако вработените се информирани за истите од страна на директорот на училиштето.
- Не се почитуваат во доволна мера и од страна на сите наставници препораките од стручната служба и директорот од следењата на часовите како што се: јасно истакнување на целта на часот односно запознавање на учениците што се очекува од нив да знаат, кои се очекуваните резултати од учењето, планирање на индивидуализиран пристап согласно потребите и можностите на учениците особено прилагодување на пристапот кон ученици со потешкотии во учењето и учениците кои побрзо напредуваат, јасно и често предочување на учениците на критериумите за оценување-стандардите за оценување.
- Финансиските средствата со кои располага училиштето не ги задоволуваат потребите за остварување на целите од развојниот план 2023-2027 како што се развојните цели за подобрување во делот на инфраструктурата и проширување на капацитети за воннаставни активности.
- Училишниот двор во централното училиште не е ограден од страната на регионалниот пат Велес-Штип (Развојна цел 2023-2027).

**Приоритети**

- Да се воспостави пракса за поголема транспарентност при објавување на писмените одлуки на училишен одбор на огласна табла и при соопштување на одлуките преку врската претставник на УО од Советот на родители со Советот на родители.
- Да се воспостават механизми за почитување во доволна мера и од страна на сите наставници препораките од стручната служба и од директорот од следењата на часовите.

- Изнаоѓање начини за дополнителни извори на финансирање со подготовка на акциони планови за остварување на целите од развојниот план 2023-2027 како што се развојните цели за подобрување во делот на инфраструктурата и проширување на капацитети за воннаставни активности.
- Оградување на училишниот двор во централното училиште од страната на регионалниот пат Велес-Штип како развојна цел 2023-2027 со цел зголемување на нивото на безбедност во училиштето.

**Врз основа на извештајот од спроведената самоевалуација, училиштето во иднина ќе изготви предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето преку конкретни Акциони планови.**

**Комисија за спроведување на самоевалуацијата во состав:**

Тања Стојчева (одделенски наставник)       _____________

Даниела Мијалковска (психолог)___________

Бојана Тасевски (одделенски наставник)____________

Натали Стојанова (одделенски наставник)____________

Благојче Атанасовски (наставник по информатика)____________

Анкица Анакиева (родител) ______________